РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Јавна установа меѓуопштински
центар за социјална работа
Enti publik qendrandërkomunale
për punë sociale e qytetit
Бр.-Nr. 2372/6
02.07. 2021 год.-vit/e.
Куманово - Kumanovë

INTERCERT
system certification
ISO 9001: 2015 CERTIFIED
Q-034/2019

Влада на Република Северна Македонија

# - ЈАВНА УСТАНОВА МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА - КУМАНОВО -

Врз основа на член 10 и член 52 од Законот за административни службеници („Службен весник на Р.М бр.24/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 05/2016, 142/2016, 11/2018 и „Службен весник на Р.С.М. „ бр. 275/19, 14/20), Директорот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на град Куманово, донесе:

## О Д Л У К А

За избор на кандидат врз основа на интерен оглас за унапредување **на административни службеници по интерен оглас бр. 2372/1, (02/2021)**

1. За работно место СО30102Г01009– **Административен техничар** I –самостоен референт во Дел за административни работи и управување со човечки ресуси, Оддел за админитративни и помошно технички работи се врши избор за унапредување на административен службеник и се избира кандидатот - Мердан Муслиевски .
2. За работно место СО30102Г01010 **Архивар I** - самостоен референт во Дел за административни работи и управување со човечки ресуси, Оддел за админитративни и помошно технички работи, се врши избор за унапредување на административен службеник и се избира кандидатот - Наим Мурати.

3. Именуваните ќе бидаат унапредени и распоредени на работните места од точка 1 и 2 по конечноста на оваа одлука, за што ќе се донесе решение за унапредување на административен службеник.
4. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Директорот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на град Куманово врз основа на согласност бр. 04-3886/2 од 21.05.2021 г., заведена со наш број 0401-2368 од 15.06.2021 година и архивски број од Министерство за финансии бр. 18-5032/2 од 15.06.2021 год., поднесе барање за започнување на постапка за унапредување на 2 ( два административни службеници). ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на град Куманово на ден 21.06.2021 година на својата веб страница и на веб страницата на Агенција за администрација објави интерен оглас за пополнување на работните места по пат на унапредување за следните работни места : СО30102Г01009– **Административен техничар I и** СО30102Г01010 **Архивар I** во Дел за административни работи и управување со човечки ресурси - Оддел за административни и помошно – технички работи .
По објавениот интерен оглас, Директорот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на град Куманово врз основа на член 50 од Законот за административни службеници и


Јавна установа меѓуопштински центар за социјална работа Куманово
Ул. „Тодор Велков" бр. 4 - Куманово
Република Северна Македонија
+389 31 438 160
+389 31 438 170
e-mail: jumcsrkumanovo@mtsp.gov.mk

номинација од Агенција за администрација, со решение бр.2372/2 од 28.06.2021 година формира Комисија за селекција за унапредување на административни службеници.
Комисијата при спроведување на постапка со административна селекција изврши проверка на внесените податоци во пријавата со општите и посебните услови објавени во интерниот оглас и состави Записник од административна селекција за интерен оглас бр. 2372/4 и 2372/4/1 од 02.07.2021 година.

По завршување на административната селекција врз основа на ранг листа Комисијата спроведе интервју со уредните кандидати и состави Записник од спроведеното интервју бр.2372/5 и 2372/5/1 од 02.07.2021 година.
Врз основа на спроведеното интервју Комисијата состави финална ранг листа со предлог за избор на кандидат за унапредување на работно место СО30102Г01009– **Административен техничар I** и СО30102Г01010 **Архивар I** во Оддел за административни и помошно – технички работи - Дел за административни работи и управување со човечки ресурси.

Во рок од три дена од добивањето на предлогот секретарот, односно раководното лице на институцијата во која не се назначува секретар, е должно да донесе одлука за избор.

Врз основа на Финалната ранг листа на интервјуираните кандидатот и предлог одлука за избор на прворангираниот кандидат, Директорот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на град Куманово донесе одлука за избор како во диспозитивот која се доставува до кандидатите за унапредување и се објавува на интернет страницата на институцијата.
Секретарот, односно раководното лице на институцијата во која не се назаначува секретар, во рок од пет дена по конечноста на одлуката, донесува решение за унапредување на административните службеници.

**ПРАВНА ПОУКА :** Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право во рок од 8 (осум) дена од денот на објавување на одлуката на интернет страницата на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на град Куманово, да поднесе жалба до Агенција за администрација.

**Доставено до:**
**-кандидати**
**-Досие на избран кандидат**
**-Предмет**
**-архива**

**Директор**
**Александра Арсовска**


Јавна установа меѓуопштински центар за социјална работа Куманово
Ул. „Тодор Велков" бр. 4 - Куманово
Република Северна Македонија
+389 31 438 160
+389 31 438 170
e-mail: jumcsrkumanovo@mtsp.gov.mk